**Прилог број 2**

## ОДГОВОР
**на забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор**

На 05.12.2011 година добиени се Забелешки од страна на министерот на Министерството за труд и социјална политика, на Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност на Програмите и мерките за посвојување на деца без родители и родителска грижа во Министерството за труд и социјална политика, заведени во Државниот завод за ревизија под број 25-182/7.
Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на ставот 10 од страна 7 на **Основните податоци** во делот **Осврт на Законот за семејство – посвојување на деца** според содржината претставува подобрување на текстот, истата се прифаќа, така што наведениот став ќе гласи:
   „Внесувањето на податоците во Програмата го вршат службени лица на ЦСР овластени од лицето кое раководи со центарот за социјална работа и истите одговараат за веродостојноста на внесените податоци“.

2. Забелешката на ставот 2 од страна 8 на **Основните податоци** во делот **Осврт на Законот за семејство – посвојување на деца** според содржината претставува подобрување на текстот, истата се прифаќа, така што после наведениот став се додава нов, кој гласи:
   „Известувањето кое центарот го доставува до Комисијата за првите пет можни посвоители од програмата се доставува во шифра, односно центарот не може да ги види имињата на можните посвоители кои ги доставуваат до Комисијата. По приемот на известувањето, административно техничкото лице кое ја води Комисијата, може да ги види имињата на можните посвоители“.

3. Забелешката на ставот 1 од страна 8 на **Основните податоци** во делот **Согласност за посвојување** која се однесува на рокот за давање согласност од родителот за посвојување, се прифаќа, така што првата реченица од наведениот став ќе гласи:
   „ Согласноста за посвојување родителите ја даваат по наполнување на 6 недели возраст на детето“.
   Исто така, терминот „се откажува од родителското право“ е заменет во Конечниот извештај со терминот „ќе се согласи детето да биде дадено на посвојување“.

*Ревизорски тим* _____________________ _____________________ _____________________

*Овластен државен ревизор* _____________________

4. Забелешката на поднасловот од страна 10 на **Основните податоци** во делот **Институционална поставеност,** според содржината претставува подобрување на текстот, истата се прифаќа, така што после вториот став се додава нов став кој гласи:
   „ Во рамките на Министерството за труд и социјална политика функционира Секторот за инспекциски надзор кој има задача да ја следи примената на законските прописи и други прописи од областа на социјалната заштита“.

5. Забелешката на ставот 1 од страна 12 на **Основните податоци** во делот **Дом за доенчиња и мали деца - Битола** која се однесува на запишување на децата во Регистарот за посвоеници, се прифаќа, така што последната реченица од наведениот став ќе гласи:
   „ Развитокот на децата постојано го следи стручен тим од ЦСР и децата доколку не постојат други законски пречки, по наполнување на шест недели возраст, врз основа на согласноста од родителот, се запишуваат во Регистарот за посвоеници“.

6. Забелешката на ставот 1 од страна 21 на **Ревизорските наоди** во точката 3.2. која се однесува на предвидените финансиски инструменти од страна на државата, делумно се прифаќа. Во наведениот став како предвиден финансиски инструмент од страна на државата треба да се додаде постојаната парична помош на самохрана мајка до три годишна возраст на детето која е утврдена во Законот за социјална заштита. Останатите инструменти наведени во забелешката не се прифатени од страна на ревизијата, бидејќи не се доставени дополнителни докази.
   Заради наведеното, не се прифаќа забелешката на последната препорака на страна 23, така што целосно се задржува во Конечниот извештај.

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*

____________________ ____________________

____________________

____________________